**ДИСЦИПЛИНСКИОТ СОВЕТ ПРИ НОТАРСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА,** во совет составен од Муамет Шеху, претседател на советот, Филип Трифуновски, Антоанета Димовска, Субхи Јакупи и Коле Штерјев, членови на советот, со записничар Тања Илиќ, во дисциплинската постапка против нотарот И.И од Скопје, по одржаната расправа во согласност со член 25 и 29 од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка на НКРСМ, во присуство на нотарот, на ден 7.2.2023 година, го донесе следното

# **Р Е Ш Е Н И Е**

1. Нотарот И.И од Скопје, **виновен е** за сторена дисциплинска повреда од член 138 став (1) алинеја 8) од Законот за нотаријатот, поради тоа што постапувајќи по предлогот на доверителот Друштво за градежништво, производство, трговија и услуги c.t Доо увоз-извоз Куманово, за донесување на решение за издавање на нотарски платен налог примен на 3.3.2021 година, на ден 3.3.2021 година изготвил решение за издавање на нотарски платен налог заведено под НПН бр.21/21, против кое на ден 7.4.2021 година, примил приговор од страна на полномошникот на должникот адвокатот хх од Скопје, и истиот по истекот на законскиот рок од 3 дена, на ден 16.4.2021 година, го доставил до Основниот граѓански суд Скопје, видно од приемниот штембил на судот, со што постапил спротивно на член 72 став (3) од Законот за нотаријатот, поради што се казнува со дисциплинска мерка – **писмена опомена.**

2. Нотарот И.И од Скопје, виновен е за сторена дисциплинска повреда од член 138 став (1) алинеја 8) од Законот за нотаријатот, поради тоа што во предметите УЗП бр.19106/22 од 7.9.2022 година, УЗП бр.19080/22 од 6.9.2022 година, УЗП бр.19083/22 од 6.9.2022 година, УЗП бр.19082/22 од 6.9.2022 година, УЗП бр. 19085/22 од 6.9.2022 година и УЗП бр.19086/22 од 6.9.2022 година, не ја спојува фотокопијата од преведената исправа со преводот кој се потврдува, со што постапил спротивно на членот 85 став (4) од Законот за нотаријатот и член 19 став (2) од Правилникот за формата и начинот на пишување и обележување на нотарските исправи и заверки и начинот на означувањето и поврзувањето на страниците на нотарската исправа, поради што се изрекува дисциплинска мерка – **писмена опомена**.

3. За дисциплинските повреди опфатени со точка 1) и 2) од диспозитивот на решението се изрекува единствена дисциплинска мерка – **писмена опомена.**

4. Нотарот И.И од Скопје, **се ослободува од одговорност** дека сторил дисциплинска повреда од член 140 став (1) алинеја (1) од Законот за нотаријатот, поради тоа што во предметите УЗП бр.19106/22 од 7.9.2022 година, УЗП бр. 22156/22 од 14.10.2022 година, УЗП бр.19080/22 од 6.9.2022 година, УЗП бр.19083/22 од 6.9.2022 година, УЗП бр. 19082/22 од 6.9.2022 година, УЗП бр. 19085/22 од 6.9.2022 година и УЗП бр.19086/22 од 6.9.2022 година, на потврдата за превод ставил потпис кој не соодветствува со потписот депониран во Нотарската комора на записник, па на таков начин да постапил спротивно на членот 15 став (2) од Законот за нотаријатот.

5. Нотарот И.И од Скопје, **се ослободува од одговорност** дека сторил дисциплинска повреда од член 140 став (1) алинеја 9) од Законот за нотаријатот, поради тоа што во предметот УЗП бр.19080/22 од 6.9.2022 година, со Штембил за заверка на превод потврдил дека преводот е извршен од овластен судски преведувач од англиски на арапски јазик. Притоа нотарот не го утврдил својството на судскиот преведувач, со оглед на фактот дека судскиот преведувач немал решение за овластен судски преведувач од англиски на арапски јазик, туку истиот има решение за овластен судски преведувач од македонски на англиски јазик и обратно, како и решение за овластен судски преведувач од македонски на арапски јазик и обратно, па на таков начин да постапил спротивно на членот 85 став (2) и (3) од Законот за нотаријатот.

**О б р а з л о ж е н и е**

Во предлогот за покренување на дисциплинска постапка доставен до Дисциплинскиот совет од страна на Министерство за правда бр. 09-2744/8 од 22.11.2022 година, се укажува дека именуваниот нотар постапувајќи на начин опишан во диспозитивот на решението сторил дисциплински повреди од член 140 став (1) алинеја 1) и 9) од Законот за нотаријатот, со предлог да биде изречена соодветна дисциплинска мерка.

Со Предлогот за поведување на дисциплинска постапка се доставени фотокопии на списи на предметот НПН бр.21/21, на преводите наведени во точка 2) од диспозитивот на решението и извештај бр.09-2744/3 од 25.10.2022 година;

Во текот на дисциплинската постапка именуваниот нотар во својата одбрана изнесена со поднесокот од 10.12.2022 година и усмено на расправата, наведе дека при извршениот надзор на ден 17.10.2022 година, од страна на Комисијата немало ставени

никакви забелешки за неговото работење, што е видно од составениот записник, поради што нема ставено никаква забелешка на истиот. Меѓутоа, во извештајот за извршениот надзор на ден 17.10.2022 година, внесени се констатации кои не се содржани во записникот за извршениот надзор на наведената дата, поради што ги смета за неосновани. Смета дека Предлогот за поведување на дисциплинска постапка е неоснован, поради тоа што постапувал согласно со Законот за нотаријатот.

Со одговорот е доставен записникот од извршениот надзор на ден 17.10.2022 година и исправите кои се преведени за предметите УЗП бр.19082/22, УЗП бр.19083/22, УЗП бр.19080/22, УЗП бр.19106/22, УЗП бр.19085/22, УЗП бр.19086/22, УЗП бр.22156/22.

Во текот на дисциплинската постапка, врз основа на оцена на наводите од Предлогот за поведување на дисциплинска постапка, одбраната на нотарот и на изведените докази, како и од увидот во персонално досие на нотарот од архивата на Нотарската комора, Дисциплинскиот совет ја утврди следната фактичка состојба :

Именуваниот нотар на ден 3.3.2021 година, примил предлог од страна на доверителот Друштво за градежништво, производство, трговија и услуги с.б. Доо увоз - извоз К, против должникот Друштво за производство, санација и инжинеринг К. Дооел Скопје, за донесување на решение за издавање на нотарски платен налог, за наплата на долг во износ од 2.109,533,2о денари. Постапувајќи по предлогот нотарот на ден 3.3.2021 година, издал решение за нотарски платен налог заведено под НПН бр. 1/21. Решението до доверителот е доставено на ден 22.3.2021 година, а до должникот на ден 29.3.2021 година. Од страна на должникот, на ден 7.4.2021 година, преку полномошникот адвокатот хх од Скопје, поднесен е приговор против наведеното решение, при што судската такса е уплатена на ден 5.4.2021 година. Приговорот заедно со списи на предметот е доставен до Основниот граѓански суд Скопје на ден 16.4.2021 година.

Во предметите УЗП бр.19106/22 од 7.9.2022 година, УЗП бр.19080/22 од 6.9.2022 година, УЗП бр.19083/22 од 6.9.2022 година, УЗП бр.19082/22 од 6.9.2022 година, УЗП бр. 19085/22 од 6.9.2022 година и УЗП бр.19086/22 од 6.9.2022 година, нотарот ги нема споено фотокопиите од преведените приватни исправа, од македонски односно англиски јазик на арапски јазик, а кои преводи ги извршил судскиот преведувач С.М. Преведената приватна исправа е припоена само кон предметот УЗП бр.22156/22 од 14.10.2022 година, во кој преводот од германски на македонски јазик го извршил судскиот преведувач А.Е. од Скопје.

При ваквото утврдување Дисциплинскиот совет наоѓа дека именуваниот нотар е виновен за сторените дисциплински повреди од член 138 став (1) алинеја 8) од Законот за нотаријатот – „одбивање без оправдани причини,, одложување или несовесно исполнување на обврските определени со законот, подзаконските акти и актите на Комората“, поради тоа што постапил спротивно на членот 72 став (3) од Законот за нотаријатот, а на што основано се укажува во Предлогот за поведување на дисциплинска постапка. Имено, според наведениот член 72 став (3), нотарот е должен во рок од 3 дена од денот на поднесениот приговор списите да ги достави до надлежниот суд на чие подрачје е седиштето на нотарот кој постапувал по предлогот. Во конкретниов случај, биле исполнети сите услови нотарот приговорот да го достави во наведениот законски рок, бидејќи била извршена уредна достава на решението НПН бр.21/21 до странките и била уплатена судската такса за приговор, меѓутоа истиот така не постапил и приговорот го доставил до судот по протекот на наведениот рок на ден 16.4.2021 година.

Според членот 85 став (4) од Законот за нотаријатот нотарот својата потврда ќе ја стави на преводот од исправата, кој ќе го спои со фотокопија на преведената исправа, со каква содржина е и членот 19 став (2) од Правилникот за формата и начинот на пишување и обележување на нотарските исправи и заверки и начинот на означувањето и поврзувањето на страниците на нотарската исправа, на кој начин, според утврденото, нотарот не постапил.

Поради наведеното, според оцената на Дисциплинскиот совет, изнесената одбрана од страна на нотарот, во овој дел, дека постапувал согласно со Законот за нотаријатот, е неоснована. Според утврденото нотарот не постапил во согласност со цитираните одредби во наведените УЗП предмети, освен во предметот УЗП бр. 22156/22, што е констатирано и во записникот од извршениот надзор на ден 17.10.2022 година, на кој именуваниот нотар не ставил никаква забелешка.

При утврдувањето на правната квалификација на сторените дисциплински повреди Дисциплинскиот совет се раководи со член 25 став (1) од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка на НКРСМ, според кој не е врзан за предлозите на подносителот на предлогот за поведување на дисциплинска постапка, во поглед на правната оцена на дисциплинската повреда. Имено, според наоѓањето на Дисциплинскиот совет, во конкретниов случај, нотарот ја има сторено дисциплинската повреди од член 138 став (1) алинеја 8) од Законот за нотаријатот, а не и повредата

опфатена со член 140 став (1) алинеја 1) од истиот закон, на кои се укажува во Предлогот за поведување на дисциплинска постапка УПП бр. 09-2744/8 од 22.11.2022 година.

При одмерување на дисциплинската мерка Дисциплинскиот совет ги ценеше околностите од член 23 од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка на НКРСМ, кои се од влијание врз видот и висина на казната. При тоа, Дисциплинскиот совет го имаше предвид фактотдека нотарот досега не е дисциплински казнуван, дека нема доказ на учесниците во постапката по предметот НПН бр. 21/21 и во наведените УЗП предмети да е причинета штета, дека преводите се извршени од страна на овластени судски преведувачи, поради што е изречена дисциплинската мерка – писмена опомена.

Дисциплинскиот совет очекува дека изречената дисциплинска мерка – писмена опомена, воспитно ќе влијае врз нотарот во иднина да не ги повтори воочените грешки и дека своето работење ќе го усогласи со Законот за нотаријатот и подзаконските акти врз основа на кои ја врши нотарската служба.

Поради наведеното е одлучено како во точка 1) и 2) од диспозитивот на решението, согласно со членот 24 став (2) алинеја 3) од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка на НКРСМ.

Во предметите УЗП бр.19106/22 од 7.9.2022 година, УЗП бр.22156/22 од 14.10.2022 година, УЗП бр.19080/22 од 6.9.2022 година, УЗП бр.19083/22 од 6.9.2022 година, УЗП бр.19082/22 од 6.9.2022 година, УЗП бр. 19085/22 од 6.9.2022 година и УЗП бр.19086/22 од 6.9.2022 година, на штембилот за потврда на извршен превод, нотарот ставил своерачен потпис кој соодветствува со неговиот потпис ставен на повеќе исправи кои се здружени во неговото персонално досие кое се чува во архивата на Нотарската комора, како на пример, на извештајот за неговото работење во текот на 2018 година, на дописот доставен до Нотарската комора на ден 9.8.2019 година.

Според тоа, врз основа на наведените докази не се потврдува наводот од точка 2) од Предлогот за поведување на дисциплинска постапка против именуваниот нотар бидејќи неговите потписи, ставени на службените документи доставени до Нотарската комора, се идентични со потписите ставени на потврдите за извршените преводи. При тоа, Дисциплинскиот совет го има предвид и фактот дека именуваниот нотар е именуван месец јуни 2016 година, кога неговиот потпис согласно закон е депониран на записник

во судот, а со која записник Нотарската комора не располага, од причина што истиот не и е доставен од страна на судот.

Поради наведеното е одлучено како во точка 4) од диспозитивот на решението, согласно со членот 24 став (2) алинеја 2) од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка на НКРСМ.

Во предметот УЗП бр.19080/22 од 6.9.2022 година, именуваниот нотар со Штембил за заверка на превод потврдил дека преводот е извршен од овластен судски преведувач од англиски на арапски јазик. Притоа, нотарот го утврдил својството на судскиот преведувач на лицето СМЧ врз основа на увид во решението на Министерството за правда бр. 13/2-510/2007-2 од 22.7.2007 година, од кое е видно дека именуваниот се поставува за постојан судски преведувач од македонски на арапски, англиски и албански јазик и обратно во Основниот суд Скопје 1.

При ваквото утврдување, според наоѓањето на Дисциплинскиот совет, нотарот ја нема сторено дисциплинската повреда од член 140 став (1) алинеја 9) од Законот за нотаријатот, на која се укажува во Предлогот за поведување на дисциплинска постапка, поради следниве причини:

Според членот 85 став (2) од Законот за нотаријатот, нотарот кој не е судски преведувач ќе го провери својството на судскиот преведувач кој го извршил преводот, ќе потврди дека преводот е извршен од овластен судски преведувач, а според став (3) својството на судски преведувач се утврдува врз основа на решение за овластен судски преведувач издадено од Министерството за правда кое не се прклучува кон преводот или со увид во списокот на овластени судски преведувачи, објавен на веб страницата на Министерството. Во конкретниов случај, не е спорно дека именуваниот нотар својството на судски преведувач на лицето СМЧ го утврдил врз основа на увид во наведеното решение на Министерството за правда, поради што спротивниот навод во Предлогот за поведување на дисциплинска постапка, е неоснован.

Меѓутоа, како спорно се постави прашањето дали именуваниот судски преведувач е овластен да врши превод од англиски на арапски јазик, кога е овластен да врши преводи од македонски јазик на наведените странски јазици и обратно, а не и меѓусебните преводи на наведените странски јазици. Според членот 85 став (1) од Зконот за судовите, министерот за правда со решение поставува судски преведувачи и води именик, а според став (2), меѓу условите кои треба да ги исполнува кандидатот за

поставување за судски преведувач, е да има уверение за активно владеење на странскиот јазик. Според членот 32 од Судскиот деловник, постојан судски преведувач се поставува за преведување на говор и писмен текст од македонски на странски јазик и обратно. Во конкретниов случај, тоа значи дека лицето СМЧ активно ги владее јазиците за кои е поставен за судски преведувач, односно дека активно го владее англискиот и арапскиот јазик. При таквата состојба, според наоѓањето на Дисциплинскиот совет, наведениот судски преведувач објективно бил во можност стручно да го изврши преводот од англиски на арапски јазик, на начин како што е тоа сторено во предметот УЗП бр. 19080/22 од 6.9.2022 година. Во спротивно, би требало да биде спроведена посложена постапка за преводи од страна на истиот судски преведувач, и тоа најпрвин од англиски на македонски јазик, а потоа од македонски на арапски јазик. При тоа, Дисциплинскиот совет го има превид фактот дека според цитираните одредби преводот се врши од македонски на странски јазик и обратно, меѓутоа не постои законска забрана да се врши меѓусебен превод на исправите составени на странски јазици под услов судскиот преведувач да владее со тие јазици, каков што е конкретниот случај со судскиот преведувач СМЧ кој според наведеното решение од Министерот за правда, активно го владее англискиот и арапскиот јазик.

Поради наведеното е одлучено како во точка 5) од диспозитивот на решението, согласно со членот 24 став (2) алинеја 2) од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка на НКРСМ.

**Претседател на советот,**

**Муамет Шеху с.р.**

ПРАВНА ПОУКА: против решението може да се изјави жалба до Второстепениот дисциплински совет во рок од 8 дена по приемот на истото;

ДН: Нотарот;
Архивата;
По конечноста до Министерство за правда;